# Наши студенти направија спот што е меѓу десетте најгледани на МТВ Адрија

**Студентите на Факултетот за архитектура и дизајн имаат можност да ги продолжат студиите на Техничкиот универзитет во Виена, по исклучително поволни услови**



**МАРЈАН БОЈАЏИЕВ, РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „АМЕРИКАН КОЛЕЏ“ ОД СКОПЈЕ**

Универзитетот „Американ колеџ“ од Скопје веќе осма година по ред ги комбинира најдобрите американски и европски искуства. Оттука произлегуваат студенти што се подготвени за работните предизвици, а додека се на студии имаат можност да учат од докажан академски кадар што пред себе има значителни практични, професионални и академски достигнувања. За работата на универзитетот, како и за успесите на студентите, говори ректорот д-р Марјан Бојаџиев.

**Кажете ни накратко за универзитетот. Како се одвива развојот на оваа високообразовна институција?**
- Развојот е долгорочен процес во кој УАКС вложува. Имаме внимателно дизајнирани студиски програми, литература и студии на случај од истакнати автори, а воведен е „американски начин“ на студирање. Развојот го гледаме преку обезбедување квалитет во високото образование, со комбинирање на европските и на американските образовани стандарди, вложуваме напори во натпревар на пазарот на труд со насоките што ги нудиме, силно го поддржуваме учењето преку практична настава, стажирање, учество на визитинг-професори од бизнис-заедницата итн.

**Што значи американската акредитација?**
- Акредитацијата претставува доказ за достигнување квалитет во високото образование. Оваа акредитација потврдува дека образовниот процес на универзитетот ги задоволува ригорозните стандарди на акредитациското тело, со акцент ставен на потребите на студентите во процесот на учење. Значењето на меѓународната акредитација е преку развивање тесна соработка преку заедничка акредитациска програма, олеснување на мобилноста на наставниците и учениците, на трансферот на кредити и на признавање на квалификациите на меѓународно ниво.

**Со кого се соработува универзитетот и кои се придобивките од тие соработки?**
- Нашиот универзитет ѝ посветува особено внимание на меѓународната соработка со еминентни и престижни универзитети во Европа и пошироко. За квалитет во образовниот процес неопходно е да црпите искуства од други високообразовни институции, да размените мислења. Во процес сме на потпишување договор за соработка со високорангирани универзитети со кои во блиска иднина ќе понудиме заеднички мастер-програми. Така, УАКС е пред потпишување договор за заедничка програма по политички науки со еден од топ 100 универзитети во светот. Нашиот универзитет е член на групата Решица, која опфаќа 12 универзитети од Германија и Централна и Источна Европа и која од 2014 година ќе нуди заедничка програма, наречена Европски магистер по претприемаштво. Универзитетот од ноември ќе го преземе претседавањето со Регионот 8 од АЦБСП - тоа е акредитациското тело за бизнис-школи и програми. Програмите на факултетите на УАКС се акредитирани од ова тело, што е уште еден доказ за посветеноста кон создавање квалитетен процес на образование.

**Неодамна се одржа генералното собрание на деловниот совет на универзитетот. Како функционира ова тело?**
- Деловниот совет е отворен за соработка со сите компании, организации, институции што според својата основна дејност во која дејствуваат се распоредуваат по одбори на старатели (кластери). Една компанија, организација, институција може да биде членка на еден или повеќе кластери. На генералното собрание деловниот совет избира претседател и потпретседатели со определен мандат. Координативното тело го сочинуваат претседателот на деловниот совет, поранешниот претседател, потпретседателот и претседателите на кластерите.

Нова Македонија
Like 44,608

**Други вести**

- Македонските министри се две децении помлади од бугарските
- Ховит најзагрижен за медиумите, судството и за политичкиот дијалог
- Во регионот отпуштаат, кај нас вработуваат
- Ректорите бараат фирмите да ги отворат вратите за студентите
- Името не е меѓу приоритетите на САД и на Европа
- Синодот ќе ја преиспита одлуката за забрана на Фејсбук
- Признанија за Томислав Кежаровски, Антонија Поповска-Христов и за Наташа Бошковска-Златкова
- Пушат цигари 30 проценти од лекарите
- Фатени ловокрадци од Грција во ловиштето Ниџе

**Највести**

Читани | Коментирани | Оценувани

1. Наши студенти направија спот што е меѓу десетте најгледани на МТВ Адрија
2. Пет притвореници јадат и вршат нужда во иста ќелија
3. Трите месеци платете ги и дајте им ги на татковците
4. Ченто, Кежо, Волтер...
5. Македонските министри се две децении помлади од бугарските
6. Ќе играм во врвен тим предводен од врвен експерт

1. Македонските министри се две децении помлади од бугарските
2. Ченто, Кежо, Волтер...
3. Пет притвореници јадат и вршат нужда во иста ќелија
4. Трите месеци платете ги и дајте им ги на татковците
5. Ховит најзагрижен за медиумите, судството и за политичкиот дијалог
6. Во регионот отпуштаат, кај нас вработуваат

1. Синодот ќе ја преиспита одлуката за забрана на Фејсбук
2. Недопрената природа се преслика во песните на поетите
3. Признанија за Томислав Кежаровски, Антонија Поповска-Христов и за Наташа Бошковска-Златкова
4. Митревски: На ЕП нема слаби и не смее да има калкулации
5. Носталгија за старите, а за децата сѐ уште атракција
6. Фатени ловокрадци од Грција во ловиштето Ниџе

**Коментари и дебати**

Антонија Поповска -Христов
**Трите месеци платете ги и дајте им ги на татковците**



„Новото“ тримесечно неплатено отсуство од државата едноставно не ни врши работа. Неплатено отсуство од работа можеме да користиме и сега, без оваа мерка, во договор со

Надлежности на ова тело се координација на секој кластер и давање насоки за подобрување на работата. Тоа врши и увид во наставните програми и дава предлози за приспособување кон потребите на деловната заедница, а врши и оцена на резултатите на УАКС. Врз основа на тоа дава предлози за збогатување на едукативниот процес. Кластерите ги имаат сите овие надлежности, но за секој факултет посебно. Тие даваат предлози за гости-предавачи и професори, кои со своите познавања дополнително би ги збогатиле вештините на студентите. Овозможуваат и практика и вработувања за студентите, а ги сумираат резултатите за успешноста на практиката и успешноста на процесот на едукација.

**Кажете ни повеќе за успесите на вашите студенти.**
- Особено сме горди на успесите на нашите студенти и максимално се залагаме да им овозможиме нивните теоретски знаења да ги преточат во практични успеси. Креативната лабораторија на универзитетот подготви спот за групата „Суперхикс“ за МТВ Адрија, кој е меѓу десетте најгледани.
Креативната лабораторија е наш проект, кој почна да се реализира лани. Овде членуваат студенти што изработуваат различни проекти. Друг успех е тоа што наш студент победи на националниот конкурс за најдобар бизнис-план. Тоа го докажува квалитетот на наставниот процес. Потоа, Факултетот за архитектура ова лето организира летна школа на која учествуваа студенти од Европа. На летната школа имаше предавачи од универзитети од Хрватска и од Македонија. Овој факултет организира уште еден настан во Скопје, кој беше од големо значење бидејќи на едно место собра студенти од многу европски држави. Нашите студенти на Факултетот за архитектура и дизајн имаат можност да ги продолжат студиите на Техничкиот универзитет во Виена, по исклучително поволни услови. Уште еден доказ за квалитетот на нашите студенти е и освојувањето на второто место на натпревар по ораторство по повод Денот на Европа.
Наведените се само мал дел од успесите на нашите студенти, кои нè прават особено горди.

Автор: А. П. Х.

СПОДЕЛИ НА ПИНГ

Веста е прочитана: 1517 Оценка: 3,17

Оставете коментар

Правила за објавување на коментарите

работодавците. Токму поради тоа овде не постои ништо ...

Марјан Николов
**„Неверен Тома“**



Бирократите во Македонија се однесуваат како Неверен Тома кон законите, а и законите го имаат вградено тој фактор во себе. Факторот на Неверен Тома ги чини граѓаните на Македонија пари, нерви и време ...

Милан Банов
**Ченто, Кежо, Волтер...**



Томислав Кежаровски, слави изолирано, гледа коцкасти делови од македонското сонце, зашто слободата му ја задушила неговата слободна мисла, зашто не ставил точка среде реченица, зашто како и Ченто верувал дека зборот не завршува ...

Печати | Прати ја страницата | Врати се назад

Сите права ги задржува Нова Македонија 2009